Уп. бр. 08-70

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ХЕЛЕНИК ЕНЕРЏИ Холдингс С.А. со регистрирано седиште на адреса Химарас 8А, Маруси, Атина, Грција, доставено преку Адвокатско друштво Поленак, адвокат Методија Велков од Скопје, на седницата одржана на ден 17.04.2025 година, го донесе следното

## **Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која ХЕЛЕНИК ЕНЕРЏИ Холдингс С.А. со регистрирано седиште на адреса Химарас 8А, Маруси, Атина, Грција има намера да стекне самостојна контрола директно над ЕЛПЕДИСОН Б.В., со регистрирано седиште на адреса со седиште на Наритавег 165, 1043 БВ Амстердам, Холандија**,** иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## **О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 26.03.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од страна на ХЕЛЕНИК ЕНЕРЏИ Холдингс С.А. со регистрирано седиште на адреса Химарас 8А, Маруси, Атина, Грција, со која ХЕЛЕНИК ЕНЕРЏИ Холдингс С.А стекнува самостојна контрола над ЕЛПЕДИСОН Б.В., со регистрирано седиште на адреса со седиште на Наритавег 165, 1043 БВ Амстердам, Холандија и индиректно над ЕЛПЕДИСОН С.А. Фрагкоклисиас 6, Маруси Атики, Грција, по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**ХЕЛЕНИК ЕНЕРЏИ Холдингс С.А.** е групација која работи во секторите на рафинирање, снабдување и трговија со гориво, обновлива енергија и истражување и производство на јаглеводороди.

ХЕЛЕНИК ЕНЕРЏИ Холдингс С.А. е активна во повеќе сектори, а главно во секторот на енергетиката. Основна дејност на групацијата е рафинирањето, кое го врши преку зависното друштво ХЕЛЕНИК ПЕТРОЛЕУМ С.А. (HELLENIC PETROLEUM S.A.).

ХЕЛЕНИК ЕНЕРЏИ Холдингс С.А. има едно регистрирано поврзано друштво во Северна Македонија :

- ОКТА Рафинерија на нафта Акционерско друштво - Скопје, со регистрирано седиште на ул. 1 бр.25, Миладионвци, Илинден, Северна Македонија, регистрираната дејност трговија на големо со црвсти, течни и гасовити горива и слични производи.

ХЕЛЕНИК ЕНЕРЏИ Холдингс С.А. исто така има и една регистрирана подружница во Северна Македонија:

- Претпријатие за нафтени цевоводи Солун-Скопје-ВАРДАКС АД – Подружница ВАРДАКС Скопје, со регистрирано седиште на ул. Миладиновци бр. Инсталации/ОКТА п.ф.-66 Миладиновци, Илинден, Северна Македонија, со регистрираната дејност цевоводен транспорт.

**ЕЛПЕДИСОН Б.В.** е холдинг друштво. **Елпедисон С.А.** е зависно друштво во целосна сопственост на Елпедисон Б.В. Елпедисон Б.В. е само холдинг друштво, инкорпорирана како друштво за посебна намена, за вршење контрола врз Елпедисон С.А.

**ЕЛПЕДИСОН С.А.** е друштво кое работи претежно во Грција во секторите на производство и снабдување на големо со електрична енергија и малопродажниот пазар на електрична енергија, како и пазарите за снабдување со природен гас на големо и мало.

ЕЛПЕДИСОН С.А. има едно регистрирано поврзано друштво во Северна Македонија:

- Друштво за трговија и услуги ЕЛПЕДИСОН ПАУЕР ГЕНЕРАТИОН ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. Св. Кирил и Методиј бр.48, Центар, Скопје, Северна Македонија, регистрирана дејност трговија на електрична

енергија. ЕЛПЕДИСОН ПАУЕР ГЕНЕРАТИОН ДООЕЛ Скопје сѐ уште не е активен деловен субјект.

Освен Елпедисон Скопје, ЕЛПЕДИСОН Б.В. нема други регистрирани поврзани друштва или подружници во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 (б) од Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**